# УПАТСТВО

**ЗА ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР 2025/26 И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2026/27 ГОДИНА**
**– ЗА СТУДЕНТИТЕ ШТО ЌЕ ЗАПИШУВААТ III (ТРЕТИ) СЕМЕСТАР –**

За заверка на летниот и за запишување на зимскиот семестар во учебната 2026/27 година, потребно е најпрво студентот да се најави на iKnow системот и да изврши електронско запишување на третиот (зимски) семестар 2026/27.

По најавување во iKnow системот, треба да се избере опцијата „Запишани семестри“ и со копчето „Внеси“ да се избере зимскиот семестар 2026/27.

По изборот на семестарот, се избира табот „Предмети“, каде што треба да се изберат предмети кои ќе се слушаат во семестарот.

Редоследот на избор на предмети е следниот: најпрво треба да се изберат неположените предмети од првиот семестар (системот веќе ги поставува во листата од десната страна), потоа се селектираат задолжителните предмети од третиот семестар и на крајот се селектираат изборните предмети од третиот семестар, по што треба да се притисне копчето „ЗАПИШИ“ во долниот дел од страницата.

Збирот на кредитите од сите селектирани предмети не смее да надминува 36. Доколку системот не дозволува запишување над 35 кредити, шестиот предмет ќе биде електронски внесен од страна на одделението за студентски прашања.

За секој запишан кредит над квотата од 30 кредити (квота на кредити во еден семестар), студентите треба да платат надомест во износ од 205/410 денари за секој дополнителен кредит (205-студенти во државна квота, 410-студенти во квота со кофинансирање и вонредни студенти). Во додатокот на крајот од овој документ е прикажан пример за начинот на уплата.

Откако ќе се заврши со постапката за електронско запишување на семестарот, потребно е да се достават потребните документи во службата за студентски прашања, во следниот термин:

**22.09 и 23.09.2026 год.**

**Вонредните студенти задолжително да достават документ за потврдување на статусот на вонреден студент (Образец М1 или Лекарско уверение издадено од З.У. Студентска поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).**

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРКА И ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР:

1. ИНДЕКС

2. СТАТИСТИЧКИ ЛИСТ (ВОИ-20) (се пополнува on-line)

   Се пристапува преку следниот линк:
   https://uslugi.gov.mk/apply-for-service.nspx?apsUniqueName=DZS-5793

или со скенирање на QR-кодот:

Секој студент потребно е да има активен кориснички профил на ниско ниво на порталот ***uslugi.gov.mk*** за да го пополни образецот и притоа од системот ќе добие два официјално потврдени документи со електронски печат на Државниот Завод за Статистика:

1. Генериран образец
2. Потврда за успешно доставен образец

**Треба да се приложи Потврдата за успешно доставен образец.**

3. Уплатница (Образец ПП50/може да се уплати онлајн преку iKnow) за уплатени **100 денари** за трошоци за запишување и заверување на семестар:

**Цел на дознака:** Запишување и заверка на семестар
**Назив на примач:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Банка на примач:** НБРМ
**Сметка:** 100000000063095
**Износ:** 100 ден.
**Сметка на буџетски корисник:** 1600103689 788 18
**Приходна шифра:** 723019 41

4. Уплатница (Образец ПП50/може да се уплати онлајн преку iKnow)
   - за уплатени **100 EUR** (6.150 ден.), со цел на дознака - *Прва рата од надоместокот за студирање,* на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во државна квота)
   - за уплатени **200 EUR** (12.300 ден.), со цел на дознака - *Прва рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во квота со кофинансирање на студирање и за вонредните студенти)

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и ги содржи следните податоци:
**Цел на дознака**: Надомест за студирање - I рата
**Назив на примачот**: Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
**Банка на примачот**: НБРМ
**Жиро сметка**: 100000000063095
**Износ: 6.150/12.300 ден.**
**Сметка на буџетски корисник**: 1600161654–788–11
**Приходна шифра и програма**: 723012 41

5. Уплатница (Образец ПП50/може да се уплати онлајн преку iKnow)
   - за уплатени средства за презапишување на неположени предмети од претходниот зимски (први) семестар во износ од:
   - **205 денари за секој кредит** над квотата од 30 кредити - за студенти што студираат во државна квота;
   - **410 денари за секој кредит** над квотата од 30 кредити - за студенти што студираат во квота со кофинансирање, вонредни студенти.

   Уплатата се врши на **образец ПП 50** и ги содржи следните податоци:
   **Цел на дознака**: Надомест за неположени испити
   **Назив на примачот**: Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
   **Банка на примачот**: НБРМ
   **Жиро сметка**: 100000000063095
   **Износ: (205/410 ден.) X (бр. на кредити над квотата од 30)**
   **Сметка на буџетски корисник**: 1600161654–788–11
   **Приходна шифра и програма**: 723013 41

6. Уплатница (Образец ПП50/може да се уплати онлајн преку iKnow) за уплатени **1.000 денари** за набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми:
   **Цел на дознака:** набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми
   **Назив на примачот:** Буџет на РМ, ФДТМЕ-Скопје
   **Банка на примачот:** НБРМ
   **Сметка:** 100 0000000630 95
   **Износ:** 1.000 ден.
   **Сметка на буџетски корисник:** 1600161654 788 11
   **Приходна шифра:** 723019 41
7. Уплатница (Образец ПП50/може да се уплати онлајн преку iKnow) за уплатени **500 денари** за набавка на on-line ресурси за реализација на студиските програми:
   **Цел на дознака:** набавка на on-line ресурси за реализација на студиските програми
   **Назив на примачот:** Буџет на РМ, ФДТМЕ-Скопје
   **Банка на примачот:** НБРМ
   **Сметка:** 100 0000000630 95
   **Износ:** 500 ден.
   **Сметка на буџетски корисник:** 1600161654 788 11
   **Приходна шифра:** 723019 41

8. Уплатница (Образец ПП50/може да се уплати онлајн преку iKnow) - Потврда за уплатени 750 денари - за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со назнака ИКСА на УКИМ-ФДТМЕ-Скопје, на жиросметка 100000000063095, депонент - НБРМ, со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18, повикување на број 723012, програма 41.

9. Испечатена последна страница (printscreen) од пополнета електронска анкета за летниот семестар 2025/26. (електронската анкета е задолжителен услов за запишување на зимскиот семестар). Студентите што не ја пополниле анкетата ќе можат тоа да го направат во периодот од 22.09-30.09.2026 година на страницата https://anketi.ukim.mk.

---

**ДОКУМЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ. ПО ТИЕ ТЕРМИНИ МОЖАТ ДА СЕ ДОСТАВУВААТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ.**

**ВАЖНО:**
**УПЛАТАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ОД ТОЧКИТЕ 3-7 МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ ON-LINE ПРЕКУ IKNOW СИСТЕМОТ. ЗА ТАА ЦЕЛ Е ПОТРЕБНО Е, НА БАРАЊЕ НА СТУДЕНТОТ, ДА СЕ ИЗВРШИ ВЕРИФИКАЦИЈА НА ИЗБРАНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД СТРАНА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА.**
**СТУДЕНТИТЕ ШТО САКААТ ДА ЗАПИШАТ ПОВЕЌЕ ОД 35 КРЕДИТИ ТРЕБА ДА СЕ ОБРАТАТ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА.**

---

**Согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024) и Одлуката бр. 02-306/2-XIV-4 од 29.8.2024 год. за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Факултетот:**

- **ЗАПИШУВАЊЕТО БЕЗ КАЗНА ЌЕ СЕ ВРШИ ДО 01.10.2026 ГОДИНА. СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ГИ ДОСТАВАТ ДОКУМЕНТИТЕ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ, А ДО 01.10.2026 МОЖАТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ДОСТАВУВААТ ДОКУМЕНТИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ ИЛИ СЕ НЕИСПРАВНИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ОД 02.10.2026 ДО 22.10.2026 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 1500 ДЕНАРИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ПО 22.10.2026 ГОДИНА МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ВО ИСКЛУЧИТЕЛНИ СЛУЧАИ ПО ПОДНЕСЕНО И ОБРАЗЛОЖЕНО БАРАЊЕ ОД СТУДЕНТОТ СО НАДОМЕСТ ОД 1500 ДЕНАРИ.**

---

11.09.2026 г.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ**

---

**Примери за пресметка на износот за уплата на надомест за презапишување на неположени предмети:**

**Пример 1:**
Студентот ги има положено сите предмети од првиот семестар. Може да ги запише сите предмети од третиот семестар и плаќа надомест за школарина, без дополнителен надомест за презапишани предмети.

**Пример 2:**
Студентот има положено четири предмети од првиот семестар. При запишување на третиот семестар го запишува неположениот предмет од првиот семестар (6 кредити) и предметите од третиот семестар (30 кредити), што вкупно претставува 36 кредити. Потребно е да се плати школарината (100/200 евра) и надомест за презапишување на предмет во износ од 6 кредити помножено со 205 денари (за студенти во државна квота) - 1.230 денари, односно 6 кредити помножено со 410 денари (за студенти во квота со кофинансирање и вонредни студенти) - 2.460 денари.

**Пример 3:**
Студентот има положено три предмети од првиот семестар. При запишување на третиот семестар ги запишува неположените два предмети од првиот семестар (12 кредити) и четири предмети од третиот семестар (24 кредити), што вкупно претставува 36 кредити. Потребно е да се плати школарината (100/200 евра) и надомест за презапишување на предмет во износ од 6 кредити помножено со 205 денари (за студенти во државна квота) - 1.230 денари, односно 6 кредити помножено со 410 денари (за студенти во квота со кофинансирање и вонредни студенти) - 2.460 денари.